# ПАРЛАМЕНТАРНА БУЏЕТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД ВО ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ БУЏЕТСКИ КАНЦЕЛАРИИ (ПБК)

**Пратениците во парламентите, покрај тоа што ги утврдуваат даноците преку кои државата прибира средства од граѓаните и го дефинираат начинот на кои се распределени преку донесување на Буџетот, имаат и обврска да вршат контрола на кој начин извршната власт ги троши овие средства.**

**Со текот на годините, буџетите станаа посложени, опфаќаат многу аспекти на економијата и од општеството, а со тоа и нивната контрола стана покомплексна. Обемот на информации и ресурси со кои располага извршната власт креира асиметричност во информираноста на извршната власт наспроти парламентите. За балансирање на оваа асиметричност се формираат парламентарни буџетски канцеларии. Парламентарните буџетски канцеларии придонесуваат за ваков баланс преку обезбедување непристрасни, објективни, навремени и прецизни финансиски информации и анализи за пратениците.**

Првата формирана институција од ваков вид е Конгресната буџетска канцеларија во САД основана во 1974 година. По неа следува формирањето канцеларии низ парламентите во други земји: Велика Британија, Австрија, Шкотска, Словачка, Србија и други.

## ОСНОВАЊЕ ПБК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Идејата за формирање ПБК во Собранието на РСМ се појави како резултат на заложбите и препораките од учесниците на конференцијата одржана во Вилтон Парк, Велика Британија, во февруари 2018 година. Формирањето вакво тело беше и една од главните препораки од „Извештајот за процена на практиките за финансиски надзор во Собранието на РСМ", изготвен со поддршка на експерти од Парламентот на Шкотска.

Постапувајќи по овие препораки, во декември 2018 година беше потпишан меморандум за разбирање меѓу Собранието, Британската амбасада и Фондацијата за демократија на Вестминстер. Беше формиран Управувачкиот одбор што учествуваше на работна посета на буџетските канцеларии на парламентите на Шкотска и на Србија. Во септември 2019 година, Управувачкиот одбор донесе Одлука за воспоставување Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК) во рамките на Службата на Собранието.



## ШТО ПРЕТСТАВУВА ПАРЛАМЕНТАРНАТА БУЏЕТСКА КАНЦЕЛАРИЈА (ПБК) НА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Парламентарната буџетска канцеларија претставува посебна организациска единица – одделение во рамките на Службата на Собранието на РСМ, чие формирање е предвидено со член 42-а од Законот за Собранието на Република Македонија. Според законот, ПБК е аналитички центар што служи за унапредување на парламентарниот финансиски надзор преку изготвување стручни финансиски и буџетски анализи за потребите на пратениците и работните тела.

Финансиските анализи опфаќаат информативни материјали, брифинзи и кратки студии поврзани со: буџетот, ребалансот и завршната сметка на буџетот на РСМ, годишниот и други финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија, како и на другите независни тела основани од Собранието на РСМ. ПБК може: да врши анализи од областа на фискалната и монетарната политика, да изработува финансиски пресметки на предлог-политики, како и процени на трошоци и користи (cost-benefit) на предлог-законите поднесени од пратениците. ПБК ја следи работата на Комисијата за финансирање и буџет, Буџетскиот совет и на другите работни тела во Собранието и изработува анализи и статистички макроекономски прегледи за нивните потреби. ПБК може да организира семинари и работилници од областа на фискалната политика, поврзани со финансискиот и буџетски надзор на Собранието на РСМ и врши размена на информации со други парламенти, други институции на државната управа и меѓународни финансиски институции.

Мисијата на ПБК е да се зајакне уставно утврдената законодавна и надзорна улога на Собранието на Република Македонија преку обезбедување навремени, непристрасни, објективни анализи, достапни на законодавната власт.

ПБК се води од принципите на стручност, објективност, кредибилност и транспарентност.

# ПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА БУЏЕТСКА КАНЦЕЛАРИЈА – ПБК ПОВРЗАНИ СО ИЗРАБОТКА НА ФИНАНСИСКИ АНАЛИЗИ И ЕДУКАТИВНИ СЕСИИ

## КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА БУЏЕТСКА КАНЦЕЛАРИЈА

| Период во месецот | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| од 1 до 15 | Краток преглед на Буџетот на РСМ за соодветната фискална година | | | | | | | | Приказ и анализа на Ребаланс на Буџетот на РСМ за соодветната фискална година | | | Водич низ Буџетот на РСМ за соодветната фискална година |
| | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно | Статистички преглед на макроекономски показатели-месечно |
| | | Надворешно трговска размена на РСМ | | | | | | Надворешно трговска размена на РСМ | | | | |
| | | | Пазар на труд за К4 | | | Пазар на труд К1 | | | Пазар на труд К2 | | | Пазар на труд К3 |
| од 15 до 30 | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции | Фискални тенденции |
| | | | | | | Завршна сметка на Буџетот на РСМ | | | | | | |
| | | | Статистички преглед на макроекономски показатели К4 | | | Статистички преглед на макроекономски показатели К1 | | | Статистички преглед на макроекономски показатели К2 | | | Статистички преглед на макроекономски показатели К3 |
| | | | | | Реализација по буџетки корисници | | | | | Реализација по буџетки корисници | | |
| | | Компаративна анализа на буџетски приходи со посебен осврт на Буџетот на РСМ | | | | | | Компаративна анализа на буџетски приходи со посебен осврт на Буџетот на РСМ | | | | |
| | Пазар на труд во РСМ и во земјите во регионот | | | | | | Пазар на труд во РСМ и во земјите во регионот | | | | | |
| | | | | | Компаративна анализа за јавен долг | | | | | | Компаративна анализа за јавен долг | |
| | | Надворешно трговска размена на РСМ | | | | | | Надворешно трговска размена на РСМ | | | | |

| | Предвидени активности поврзани со едукација/сесии за пратеници |
|---|---|
| 1 | Буџет и Буџетски процес во Република Северна Македонија |
| 2 | Јавниот долг во Република Северна Македонија |
| 3 | Фискална и монетарна политика во Република Северна Македонија |
| 4 | Јавните набавки во Република Северна Македонија |
| 5 | Пазар на труд |
| 6 | Презентирање на основните макроекономски индикатори во Република Северна Македонија |
| 7 | Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија |
| 8 | Дополнителни едукативни сесии ќе бидат организирани согласно потребите и барањата на пратениците |

## ЗА ФОНДАЦИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР (WFD)

Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) е тело финансирано од Владата на Велика Британија чија цел е да обезбеди поддршка при воспоставувањето ефективна повеќепартиска демократија во земјите во развој. Од 1992 година, WFD нуди обука, техничка поддршка и овозможува размена на знаења меѓу институциите на Велика Британија и на земјите партнери.

Канцеларијата на WFD во Скопје е основана во 2008 година и е првата канцеларија формирана надвор од Велика Британија. ПБК е формирана преку програмата Иницијатива за демократија на Западен Балкан (WBDI), која работи со осум парламенти, јавни институции, политички партии и граѓански организации од шест држави. WBDI работи на подобрување на застапеноста на жените, младите и лицата со попреченост во политичките процеси, а ги поддржува и политичките партии во нивната демократизација и во подобрувањето на политиките.

www.wfd.org/wbdi
www.fb.com/WBDemocracy

За повеќе детали околу ПБК и работата на ВФД во Северна Македонија можете се обратите на следните контакти:

Јулијана Крстевска - Петрушевска,
Раководител на одделение – Парламентарна буџетска канцеларија,
julijana.petrushevskapbo@gmail.com

Дамир Незири,
Претставник во земјата за ВФД,
damir.neziri@wfd.org

Петар Трајков,
Програмски менаџер,
petar.trajkov@wfd.org

Western Balkans
Democracy Initiative

Funded by
UK Government